Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 8-та седница одржана на ден 17.02.2026 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ**
**ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**ОД ПРОГРАМАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите и начинот за доделување средства од Буџетот на Општина Велес од програмата АО-Совет на Општина Велес.

**Член 2**

Средствата ќе се доделуваат исклучиво на баратели кои по приложена соодветна документација, ќе се утврди дека го усполниле условот да добијат средства од Буџетот на Општина Велес.

Средствата се засметуваат како еднократна парична помош.

Средствата како еднократна парична помош, барателот може да го оствари само еднаш во текот на годината.

За доделените средства,општинската администрација води евиденција.

Едно лице може да користи финансиски средства од Буџетот на Општина Велес само по еден основ.

**Член 3**

Барањето, заедно со документација која ја поседува барателот се доставува до архива во Општина Велес, на посебен образец – Барање за одобрување на средства како помош, кое е составен дел на овој Правилник.

Доколку кон барањето не е доставена потребната документација, истото нема да биде предмет на рзгледување.

**Член 4**

Висината на паричната помош во неколку категории, е определена од Советот на Општина Велес со посебно донесен акт.

Одобрените средства се пренесуваат исклучиво на сметка на барателот– корисникот, освен во исклучителни случаи кога поинаку ќе одлучи Комисијата за финансирање и буџет преку Одделението за финансиски прашања при Општина Велес.

**Член 5**

Право на доделување на средства од Буџетот на Општина Велес имаат:

-здруженија и поединци кои вршат афирмација и претставување на општината во странство со учество на натпреварувања од областа на спортот, културата и др.

-физички лица, жители на општината кои претрпеле штети како последица од елементарна непогода(пожари,поплави,земјотрес и сл)

- физички лица, жители на општината од категорија на граѓани со висок степен на здравствена неповолна состојба и тоа за оперативен зафат на тешки срцеви заболувања, мозочни и малигни заболувања и за лекувања во странство.

**Член 6**

Како критериуми/услови за доделување средства за категоријата граѓани утврдена во член 5 став 1 алинеа 1 се определуваат:

- да се жители на општина Велес;
- да има учество на странски натпреварувања;
- достава на покана или друга докумнетација која го појаснува претставувањето или натреварувањето;
- достава на портфолио или лична биографија за учество во активности од соодветната област;
- доколку претставувањето на градот е поединечно или екипно, висината на средствата се одобрува по предлог на Комисијата.

За исклучоци од овие услови одлучува Комисијата за финансирање и Буџет при Советот на Општина Велес.

**Член 7**

Како критериуми/услови за доделување средства за категоријата граѓани утврдена во член 5 став 1 алинеа 2 се определуваат:

- да се жители на Општина Велес;
- да се сопственици на имотот на кој е сторена материјалната штета или доколку не се сопственици да докажат непосредно сродство со сопственикот;
- да поседуваат записи од направена материјална штета, издадена од надлежни органи (ТППЕ Велес и МВР – СВР Велес).

За исклучоци од овие услови одлучува Комисијата за финансирање и Буџет при Советот на Општина Велес.

**Член 8**

Како критериуми/услови за доделување средства за категоријата граѓани утврдена во член 5 став 1 алинеа 3 се определуваат:

- да се жители на Општина Велес;
- да се докаже здравствената неповолна состојба со документација- медицински извештаи и фактури за болничко лекување од соодветна институција.

За исклучоци од овие услови одлучува Комисијата за финансирање и Буџет при Советот на Општина Велес.

**Член 9**

Сите поднесени барања до Советот на Општина Велес во сите области од категориите на граѓани одредени со овој Правилник се распоредуваат до Комисијата за финансирање и Буџет.

По ова истата доставува предлог до Советот на Општина Велес за доделување на средства од Буџетот на Општина Велес, како еднократна парична помош.

**Член 10**

Со влегување во сила на овој Правилник, Правилникот за утврдување критериуми за доделување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес со бр.25-3143/8 од 01.07.2022 година престанува да важи.

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 09-1014/12
17.02.2026 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.